„Џибрил толку често ме советуваше (да се однесувам добро) со соседот, што помислив дека ќе има удел во наследството.“

Ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Џибрил толку често ме советуваше (да се однесувам добро) со соседот, што помислив дека ќе има удел во наследството.“
[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известил дека Џибрил постојано му укажувал дека е неопходно да се грижи за соседот, без разлика дали е близок или далечен, било да е муслиман или неверник. Неговото право мора да се почитува и не смееме да му наштетиме. Кон него треба да бидеме добродетели и да бидеме трпеливи ако нè вознемирува. Аллаховиот Пратеник дури мислел, поради правото кое го има, и заради повторувањето кое доаѓало од Џибрил, дека ќе биде објавено во Куранот, на соседот да му биде доделен дел во наследството.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4965